М.П.
Македонија и “По ѕидот”, Македонија Денес, 14.10.1999, 326, 16



### ТОШЕВСКИ, ДИМИТРОВА И ВАНГЕЛИ ВО СТОКХОЛМ

# Македонија и "По ѕидот"

Вечерва во Музејот Модерна во Стокхолм се отвора интернационалната изложба “По ѕидот“, посветена на уметноста и културата на посткомунистичка Европа, организирана по повод десетгодишнината од уривањето на Берлинскиот ѕид

Во овој проект ќе бидат застапени повеќе од 140 уметници од 22 земји, меѓу кои, со свои дела ќе се претстават и македонските уменици Игор Тошевски, Жанета Вангели и Искра Димитрова. Куратор е Бојана Пејиќ од Берлин во соработка со Дејвид Елиот, директор и Ајрис Милер, куратор во Музејот Модерна. Изложбата е составена од четири секции -“Социјална скулптура“, “Реоткривајќи го минатото“, “Преиспитувајќи ја субјективноста“ и “Genderscapes“. Таа пред се е посветена на творештвото на помладата генерација уметници кои покажуваат исклучителна енергија во свето творештво кое во голема мера е под влијание на промените на политичката и социјална клима во 22-те посткомунистички земји во Европа. Соочени со новата слобода, повеќето од нив чувствуваат огромна глад за деконструкција на минатото и неговите икони.


Жанета Вангели

Целокупниот проект “По ѕидот“ кој е организиран во текот на изминативе две години, се состои и од истражувачка програма, филмска и видео-програма, публикации и симпозиум кој ќе се одржи од 15-17 октомври. На симпозиумот, за промените во уметноста и визулната култура ќе говорат најрелевантните критичари и уметници од регионот, меѓу кои во својство на предавач ќе учествува и Сузана Милевска, ликовен критичар од Скопје.

М.П.